**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-10637/1

Скопје, 22 декември 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**<u>С К О П Ј Е</u>**

**И З В А Д О К**

**од Нацрт – записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2020 година**

**„ТОЧКА 30:** Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр.6 на концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје, со Анекс на договор

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр.6 на концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје, со Анекс на договор и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр.5, МХЕЦ Жировница со реф.бр.6, бр. 02-5812/1 од 2.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 3.1.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 4.3.2023 година.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРИЛОГ : - Мислење од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Билјана Цоневска / м-р Ирма Мандева
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk